РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-812/1
05.12. 2023 год.
ВЕЛЕС



# Програма за изведување на училишна екскурзија во учебната 2023/2024 за учениците од I (прва) година при ОСУ „Јовче Тесличков" - Велес

Согласно со чл.6 од Правилникот за изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (07 - 9992/3 од 05.06.2014), програмата содржи:

## 1. Воспитно-образовни цели на училишната екскурзија:

Социјализација и дружење меѓу децата, едукација и забава. Дружење, зближување и почитување помеѓу учениците надвор од училишната средина, развивање позитивни навики за соживот. Стекнување нови знаења, збогатување и продлабочување на оние што веќе ги знаат од училиште со тоа што ќе можат одблиску да се запознаат со убавините, спомениците, природниот свет и друго.

## 2.Задачите на училишната екскурзија се остваруваат преку:

- Развивање позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општокултурни ведности во Република Северна Македонија
- Запознавање на различни култури и знаменитости
- Развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Развивање чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- Формирање на позитивен однос на националните, интернационалните, културните и естетски вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- Формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства

## 3. Содржина на активностите:

За време на еднодневната стручно-истражувачката екскурзија ќе бидат остварени посети на релација Велес – Скопје – Тетово – Шарена Џамија – Вруток – Манастир Св. Јован Бигорски – Скопје – Велес.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Антонио Пановски
Одговорни наставници: Класни раководители на I година
Учесници во екскурзијата: Учениците од I (прва) година и класните раководители
Број на ученици: околу 50 (проценка)

**5. Времетраење:**

Еднодневна екскурзија
Време на изведување на екскурзијата: Мај 2024 година.

**6. Локациите за посета и правците на патување:**

**Правци на патување Велес – Скопје – Тетово – Шарена Џамија – Вруток – Манастир Св. Јован Бигорски – Скопје – Велес**

Локации за посета:
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:
- поаѓање од Велес
- посета на Тетово и Шарена Џамија
- посета на Вруток
- посета и разгледување на Манастир Св. Јован Бигорски
- посета на Скопје
- пристигнување во Велес

При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатства на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

**Напомена:** Агендата може да претрпи мали измени

Ул. Кукушка бр. 37 Велес
usojtv@yahoo.com
jovceteslickov.edu.mk

**7. Техничка организација**

Високо квалитетни, климатизирани безбедни патнички автобуси, добри услови за патување, локален туристички водич;
Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**8. Начин на финанасирање**

Екскурзијата во целост ја финансираат родителите / старателите на учениците.

**Програмата ја подготвија:**

Директор: м-р Васко Трајковски

Психолог: Катерина Ефремова

Раководител на екскурзијата: Антонио Пановски

Класен раководител: Љупчо Петров

Класен раководител: Марија Левкова Куновска

Класен раководител: Димитар Кичуков